РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12 - 157/7
16 -10- 2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот -------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 39-та седница одржана на 15.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2403/1 од 12.04.2019 година оформен по пријавата поднесена на 12.04.2019 година од подносителот ------------, во врска со наводи за сомневање за прекршување на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик поврзани со донесување Решение за престанок на работниот однос на наставникот по албански јазик, ----од ОУ -----------, на 26.02.2019 година, односно во текот на изборниот период 2019 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по преземените дејствија за проверка на наводите, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека истите не се потврдуваат и се неосновани, па оттаму нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2403/1 од 12.04.2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2403/1 од 12.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот --------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за прекршување на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик поврзани со донесување Решение за престанок на работниот однос на наставникот по албански јазик, --------- од ОУ ---------------, на 26.02.2019 година, односно во текот на изборниот период на претседателските избори 2019 година.

Во насока на проверка на наводите во пријавата и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК упати Барање за прибирање податоци и информации со број 12-157/1 од 18.02.2020 година со кое побара од Директорот на ОУ "--------------, да достави целосна информација за тоа кога бил објавен јавниот оглас за вработување на наставник по албански јазик во ОУ ------------------, кога било донесено Решението за засновање на работен однос на лицето -------------- во ОУ -----------------, кои се

наводите од инспекцискиот надзор извршен од страна на Државниот инспекторат за труд во врска со јавниот оглас, објавен на 24.01.2019 година во ОУ-------------- кога било донесено Решението за престанок на работниот однос на лицето --------- и кои биле причините за донесување на споменатото Решение.

Од Директорот на ОУ -----------, до ДКСК беше доставен бараниот одговор со приложена документација под број 12-157/5 од 05.03.2020 година.

Од направениот увид во наводите во пријавата и доставениот одговор и приложените документи, ДКСК ја констатира следната фактичка состојба:

- Лицето ---------- било вработено како наставник по албански јазик на определено работно време по основ – на определено време-старо финансирање во ОУ ------------- почнувајќи од 05.09.2016 година. На ден 24.04.2019 година бил објавен јавен оглас за вработување на професор по албански јазик во ова училиште под број 04-7 од 24.01.2019 година. По пријава поднесена од лицето ---------- заведена под број 09-194 од 05.02.2019 година до Државниот инспекторат за труд бил извршен вонреден инспекциски надзор во ОУ ----------- при што со Решение број 09-194 од 11.02.2019 година било наредено да се поништи објавениот јавен оглас бр. 04-7 од 24.01.2019 година од причини што истиот содржал формални недостатоци. Со Одлука број 03-74, Директорот го поништил огласот со број 04-7 од 24.01.2019 година на кој како еден од пријавените кандидати било и лицето ------------. Во меѓувреме Директорот на ОУ --------- ---------- донел Решение со кое за помошник директор на училиштето ја именувал -------------, која по извесен период не го прифатила тоа работно место.

Претходно, договорот за вработување на лицето --------------, за работно место професор по албански јазик кој бил склучен на определено време- старо финансирање, престанал да важи поради истек на времето за кое истиот бил склучен.

Од спроведната постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените дејствија, ДКСК утврди дека работниот однос на именуваната престанал поради истек на времето за кој бил истиот склучен, поради што ДКСК констатира дека наводите во пријавата не се потврдени и се неосновани.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: С.П.Д.,заменик претседател и член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk